# Република Македонија
# Министерство за финансии

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ
# К-1-2011

## Резиме


- Во К-1-2011 **БДП** оствари **реален раст** од 5,1% во однос на истиот квартал од 2010 година. Со исклучок на секторот Финансиско посредување, во сите останати сектори е регистриран раст, од кои најзабележителен е во секторите Градежништво од 21,2% и Индустрија од 13,7%;
- Тенденцијата на висок **раст на бројот на вработени** продолжи и во К-1-2011, регистрирајќи стапка на раст од 5,5% на годишна основа, по растот од 5,9% во претходниот квартал. Ваквото движење е придружено со **пад на бројот на невработени** од 4,8% на годишна основа;
- **Стапката на инфлација** во К-1-2011 изнесува 4,1% (К/К-4), мерена според индексот на трошоци на живот;
- **Нето платата** номинално се зголеми за 1,9%, додека на реална основа забележа пад од 2,1%;
- **Вкупните буџетски приходи** во К-1-2011 забележаа поголемо остварување за 6,5%, а **вкупните буџетски расходи** за 4,5% во однос на истиот квартал 2010 година;
- **Депозитите** во К-1-2011 продолжија и натаму да растат, остварувајќи стапка на раст од 12,4% во однос на крајот на К-1-2010 и 1,4% во однос на претходниот квартал. **Кредитите на приватниот сектор** покажуваат нагорен тренд со раст од 8% во однос на крајот на К-1-2010 и 2,3% на квартална основа;
- **Македонскиот берзански индекс** МБИ-10 во март 2011 забележа пад од 5,1% во однос на март 2010. Прометот остварен на Македонската берза преку класично тргување во К-1-2011 бележи раст од 37% во однос на истиот период 2010 година;
- **Во К-1-2011 на годишно ниво (К/К-4),** забележан е значителен раст на извозот за 44,4%, и на увозот за 49,2%, со што вкупната надворешно-трговска размена изразена во евра забележа раст од 47,4%;
- **Трговската отвореност на Република Македонија** во К-1-2011 изнесува 109,5%, што укажува на зголемување на нивото од претходниот квартал.

## 1. Макроекономски трендови и реален сектор

Реалниот раст на БДП во К-1-2011 изнесува 5,1% споредно со истиот квартал од 2010 година, што претставува забрзување на растот, по остварената стапка на раст од 3,8% во К-4-2010. Номиналниот раст на БДП во К-1-2011 година изнесува 12,3% споредено со истиот квартал претходната година, што имплицира дека БДП дефлаторот изнесува 6,8%.

График 1.1. БДП по производен метод - придонес во раст; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Според производната страна на БДП највисока годишна стапка на реален раст во К-1-2011 е регистрирана во секторот Градежништво од 21,2%. Секторот трговија на големо и мало оствари стапка на раст од 6,8% на годишна основа што претставува забрзување на растот во овој сектор во однос на остварената стапка на раст од 5,2% за претходниот квартал. Позитивните движења во трговијата најмногу се резултат на растот во трговијата на мало. Секторот Сообраќај, складирање и врски оствари стапка на раст од 7,3%, кое се должи најмногу на позитивните движења кај патниот превоз (товарен и патнички), како и во делот на телекомуникациите. Секторот Хотели ресторани и секторот Земјоделство остварија стапка на раст од 3,6% односно 2,3% соодветно. Позитивен придонес на растот е забележан и во секторот Јавна управа од 1,5%. Секторот Финансиско посредување за прв пат по период од пет години, во К-1-2011 забележа негативна стапка на раст од 1,9%.

График 1.2. Индустриско производство по цени од 2000 г; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Индустриското производство во К-1-2011 оствари значителен раст од 13,8%, како резултат на позитивните остварувања во преработувачката индустрија и рударството. Деловните тенденции во преработувачката индустрија и структурната динамика на увозот на стоки во 2011 година упатуваат на продолжување на солидните стапки на раст во секторот Индустрија.

Растот на **индустриското производство**[1] во К-1-2011, главно се должи на остварените позитивни стапки кај: рударство и вадење на камен (7,9%) производство на тутунски производи (1,4%), производство на облека (35,2%), производство на дрво и производи од дрво (33,6%), печатење и продукција на снимени медиуми (8,6%), производство на кокс и рафинирани нафтени производи (43%), производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати (11%), производство на мебел (12,1%), производство на други неметални производи (13,1%), производство на метали (34,1%), производство на фабрикувани метални производи (30,8%), производство на електрична опрема (193,7%), производство на машини и уреди неспомнати на друго место (7%), производство на моторни возила (5,6%), производство на останата опрема за транспорт (263%) и производство на производи од гума (18,2%).

Од друга страна, пад е остварен кај снабдување со електрична енергија (3%), производство на хемикалии (8,5%), производство на хартија (19,5%), производство на кожа (40,1%), производство на текстил (19%), производство на пијалаци (3,8%), производството на прехранбени производи (13,5%), поправка и инсталирање на машини и опрема (75%) и останата производствена индустрија (43,5%).

Во К-1-2011, остварен е раст на продуктивноста во индустријата од 12,4% споредено со пад од 5,4% за К-1-2010 и 8,5% за К-4-2010. Од друга страна, вработеноста во индустријата за К-1-2011 изнесува просечни 0,9% споредено со падот од просечни 3,6% за истиот период од минатата година.

График 1.3. БДП по расходен метод - придонес во раст;
Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Анализирано според **расходната страна на БДП**, растот на БДП се карактеризира со позитивен придонес на домашната побарувачка, додека нето извозната побарувачка има негативен придонес кон растот. Домашната побарувачка е водена од бруто инвестициите, кои продолжуваат забрзано да растат, во К-1 достигнувајќи високи 60,1%. Бруто инвестициите изразени во процент од БДП изнесуваат 29,5%, што претставува нагорно поместување за 12,6 п.п. споредено со истиот квартал 2010 година.

Индикативно за растот на бруто инвестициите во К-1-2011 година се високиот раст во градежништвото, зголемувањето на производството на капитални производи за 64,6% и номиналниот раст на увозот на инвестициски добра од 12,7%.

[1] Пресметан врз основа на месечното соопштение Индекс на индустриското производство.

Личната потрошувачка во К-1 забележа раст од 3,9%, по падот од 5,5% во претходниот квартал. Растот на личната потрошувачка е во согласност со движењата во трговијата и наплатата на данокот на додадена вредност, растот на домашното производство на потрошувачки добра и умерениот увоз на стоки за широка потрошувачка. Јавната потрошувачка регистрираше пад од 3,2%, одразувајќи го намалувањето на буџетските расходи за стоки и услуги во К-1 од 5,7%.

Високиот раст на извозот на стоки и услуги продолжи и на почетокот од 2011 година, регистрирајќи реална стапка на раст од 34,8%, со истовремено забрзување на увозот на стоки и услуги, кој во К-1 забележа реален раст од 36,5%. Движењата во надворешниот сектор резултираат со негативен придонес во растот на БДП, но во функција на поддршка на индустриската активност во земјата.

Според Анкета на работна сила, тенденцијата на висок раст на **бројот на вработени** продолжи и во К-1-2011, регистрирајќи стапка на раст од 5,5% на годишна основа, по растот од 5,9% во претходниот квартал. Ваквото движење е придружено со пад на бројот на невработени од 4,8% на годишна основа. Растот на вработеноста апсорбираше и одредено намалување на неактивното население (пад од 1,4%) и одредено зголемување на работоспособното население (раст од 0,5%).

График 1.4. Процентуална годишна промена на бројот на (не)вработени; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Ваквите движења на пазарот на труд предизвикаа стапката на активност во К-1-2011 да се зголеми за 0,8 п.п. споредено со истиот квартал 2010 година, изнесувајќи 57,1%. Стапката на вработеност се зголеми на 39,3%, што претставува зголемување од 1,8 п.п. во однос на истиот квартал 2010 година, додека стапката на невработеност се намали на 31,2% од 33,5% во К-1-2010. Имено, на нето основа, растот на бројот на вработени во К-1-2011 е резултат на зголемувањето на работните места во приватниот сектор, каде бројот на вработени порасна за 10,0% на годишна основа, додека во

График 1.5. Водечки и коинцидентен индекс и индекс на БДП (десезониран); Извор: Пресметки на МФ



останатиот дел од економијата имаше намалување на вработеноста од 6,7%.

**Водечкиот композитен индекс**[2] во К-1-2011 забележа зголемување од 4,5 индексни поени споредено со претходниот квартал. Споредено со истиот квартал 2010 година, водечкиот композитен индекс е повисок за 10,8 индексни поени. Ваквото движење на индексот укажува дека позитивниот раст на економската активност се очекува да продолжи најмалку и во наредните два квартали од тековната година.

Водечкиот дифузен индекс[3] во К-1-2011 забележа позитивни движења кај 68,8% од компонентите на водечкиот композитен индекс, што е повисоко остварување во однос на претходниот квартал и истиот квартал 2010 година за 12,5 п.п..

## 2. Цени, трошоци и продуктивност

2.1. Стапки на инфлација (к/к-4); Извор: ДЗС




**Стапката на инфлација**, мерена според индексот на трошоци на живот, во К-1-2011 изнесува 4,1% во однос на истиот квартал од 2010 година (2,9% во К-4 2010). Највисок раст на цените е забележан кај категоријата Исхрана од 7,1%, следен од растот на цените во категоријата Сообраќајни средства и услуги од 4,8%, кој главно се должи на порастот на цените на течните горива и масла од 18,1%. Во категоријата Домување се забележува раст од 3%, кој во голема мера е резултат на растот на цените за стан (раст од 6%) и на цените за огрев и осветление (од 3,3%). Раст оствари и цените за Хигиена и здравје (1,4%), Ресторани и хотели (1,4%), Облека и обувки (1%) и Тутун и пијалаци (1%). Од друга страна, намалување на цените забележаа категоријата Култура и разонода (-0,8%) и Останати услуги (-5,6%).

**Базичната инфлација** (која го исклучува ефектот на храната и енергијата) во првиот квартал од 2011 година се задржа на релативно ниско ниво од 0,9%, наспроти претходниот квартал, кога истата изнесуваше 0,7%.

---

[2] Подготвен од Министерството за финансии MakLead е агрегатен показател кој однапред ја покажува насоката на деловниот циклус. Индексот го сочинуваат осум водечки индикатори за економскиот циклус: 1/просечна плата во преработувачка индустрија; 2/просечен број лица-корисници на паричен надомест; 3/оценка на производителите за снабденоста на производството со нови нарачки; 4/индекс на договорени градежни работи; 5/берзански индекс МБИ-10; 6/понуда на пари - М2; 7/каматен диференцијал и 8/вкупен увоз намален за увозот за лична потрошувачка.

[3] Водечкиот дифузен индекс го мери бројот (процентот) на компонентите на водечкиот композитен идекс што пораснале во одреден период

**Цените на мало** во К-1-2011 забележаа пораст од 4% споредено со истиот квартал од 2010 година. Најголем придонес во растот на индексот на цените на мало имаа цените на Индустриските непрехранбени производи (придонес од 2,1%), кои се зголемија за 5,3% - движени главно од растот на цените на мало на течните горива и мазива. Цените на мало во категоријата на индустриските прехранбени производи се зголемија за 6,1% и остварија придонес од 0,9 п.п. Категоријата Земјоделски производи забележа раст од 8,2%, додека цените на услугите бележат раст од 1,3%.

Просечната **нето плата** во К-1-2011 изнесува 20.681 денари и е повисока во однос на истиот квартал 2010 година номинално за 1,9%. На реална основа нето платата бележи пад од 2,1%, (површината со сенка на График 2.2). Анализирано по сектори, најголем пораст на нето платата се забележува во секторот на услугите од 3%, следен од растот на платите во индустријата од 2,2%, додека платите во секторот на земјоделството бележат пад од 1,1%. Просечната **бруто плата** забележа номинален раст од 1,7% додека на реална основа истата забележа пад од 2,3%.

График 2.2. Пораст на плати и цени; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




Високиот раст на економската активност во К-1-2011 беше проследен со уште повисок раст на бројот на вработени, што резултираше со благ пад на **продуктивноста на трудот** од 0,3%. Паралелно со високиот раст на бројот на вработени, во К-1-2011 е забележан висок раст и на физичкиот капитал од околу 5%, што го одразува високиот реален раст на инвестициите истиот квартал. Ваквите тенденции на факторите на растот предизвикаа **вкупната факторска продуктивност (ВФП)** да забележи намалување од 0,2% во К-1-2011, наспроти падот од 1,4% во претходниот квартал. На Графикот 2.3 е прикажан трендот на ВФП и продуктивноста на трудот.

График 2.3. Раст на ВФП и продуктивноста на трудот; Извор: ДЗС и пресметки на МФ



# 3. Фискален сектор

Во К-1-2011 се забележа повисоко остварување на **буџетските приходи** во однос на К-1-2010, придружено со релативно повисоки буџетски расходи. Дефицитот на Буџетот изнесуваше 3.713 милиони денари во К-1-2011 или 3,6% од реализираниот БДП за овој квартал.

И во првиот квартал од 2011 година продолжи да се води контрациклична фискална политика насочена кон ублажување на последиците од светската економска криза врз македонската економија и задржување на макроекономската стабилност. Притоа, не е загрозена фискалната одржливост на јавните финансии.

График 3.1. Буџетски приходи и расходи во К-1-2011;
Извор: МФ




Остварените вкупни буџетски приходи се повисоки за 6,5% споредено со истиот квартал од 2010 година, главно поради повисокото остварување на даночните приходи за 12,4%, додека социјалните придонеси се пониски за 0,3%, а неданочните приходи се пониски за 19,0%. Притоа беше забележана повисока наплата кај данокот на добивка и персоналниот данок, додека кај данокот на додадена вредност, беше забележана рекордна реализација на наплатата. Приходите од ДДВ, кои претставуваат 54,1% од вкупните даночни приходи, во К-1-2011 се повисоки за 19,9% споредено со истиот квартал 2010 година. Структурата на прометот во земјата укажува дека прометот со добра и услуги кои се оданочуваат со општа даночна стапка од 18% е зголемен за 12,3%, а прометот кој се оданочува со бенефицирана даночна стапка од 5% е зголемен за 9,9%. Во структурата на бруто приходите од ДДВ се забележа зголемување на наплатата на ДДВ од увоз, но и зголемување на прометот во земјата, согласно прометот во трговијата, а засилена е и динамиката на поврат на ДДВ. Приходите од акцизи се повисоки за 9,0% споредено со истиот квартал од 2010 година, додека наплатата на царинските давачки е намалена за 15,1%. Во рамки на директните даноци, кај данокот на добивка е забележан раст од 4,7%, (треба да се има предвид дека од јануари 2009 година единствено се оданочува добивката која се распределува за дивиденда, а почнувајќи од април 2010 година е евидентиран приход за данок на исплатената дивиденда и друга распределба од добивката, што учествува со значаен процент во структурата на овој данок). Приходите од персоналниот данок на доход се повисоки за 6,2%. Наплатата на социјалните придонеси е повисока за 0,3%, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите за пензиско осигурување за 0,4%, кај

придонесите за здравствено осигурување се забележува зголемување од 0,6%, додека кај придонесите за вработување се забележува намалување од 3,0%. Неданочните приходи, кои претставуваа 9,5% од вкупните буџетски приходи, во К-1-2011 се пониски за 19,0% во однос на истиот период од 2010 година.

Капиталните приходи за К-1-2011, на годишна основа се двојно поголеми, и тоа главно од закуп на градежно земјиште, како и продажба на станови. Приходите по основ на донации се повисоки за 15,5%.

Во К-1-2011 вкупните **буџетски расходи** се повисоки за 4,5% споредено со истиот квартал од 2010 година. Тековните расходи, кои претставуваа 88,6% од вкупните расходи, се зголемија за 2,5% на годишна основа. Капиталните расходи кои учествуваа со 11,4% во вкупните расходи, се повисоки за 23,8% споредено со К-1-2011 година. Реализацијата на капиталните расходи во К-1- 2011 година е со подобра динамика отколку во претходните години и изнесува 17,1% од вкупно планираните средства за 2011 година. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги се намалени за 5,6%, додека расходите за плати и надоместоци се стабилни односно забележано е нивно зголемување од помалку од 0,1%. Трансферите пак, се повисоки за 4,0% на годишна основа, а учеството на категоријата "Други трансфери" во вкупните трансфери изнесува 25,2% (овде се вклучени трансферите кон локалната власт). Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, кои учествуваа со 27,1% во вкупните расходи, се извршени за 3,1% повеќе во однос на истиот квартал од 2010 година. Расходите за каматни плаќања се зголемија за 55,4%, при што расходите по камати на домашен долг забележаа раст од 98,0%, а каматите за странскиот долг беа зголемени за 23,7%.

Фискалното оптоварување, мерено како утврден дел на буџетски приходи[4] во однос на номинален БДП, во К-1-2011 изнесува 27,2% и претставува зголемување за 1,7 п.п. во однос на К-4-2010. Вкупните буџетски расходи претставуваат 34,3% од БДП, што е за 2,3 п.п. повисок остварен износ во однос на К-4-2010.

Вкупниот **долг на централната влада** на крајот на К-1-2011 изнесува 26,5% од БДП, што претставува зголемување за 1,7 п.п. во однос на К-4-2010 година. Учеството на надворешниот долг на централната влада во вкупниот долг на централната влада е зголемено за 2,4%, во однос на К-4-2010, додека учеството на внатрешниот долг на централната влада во вкупниот долг на централната влада е намалено за исто толку. Со тоа, учеството на

График 3.2. Долг на централна влада и неговата структура; Извор: МФ




4 Вклучува даночни приходи, социјални придонеси, административни такси и давачки и патарини

внатрешниот долг на централната влада се намали на 29,0% од вкупниот долг на централната влада. Ваквата состојба укажува дека дополнителното задолжување, што е неминовно за водење поекспанзивна фискална политика, било надворешно или внатрешно, не би ја загрозило фискалната одржливост, при што е неопходна координација со монетарната политика. Здравата фискална политика е еден од Мастришките критериуми за конвергенција, со поставени граници на 3% од БДП за буџетскиот дефицит и 60% од БДП за државниот долг.

## 4. Монетарно-финансиски движења

Во К-1-2011 **примарните пари**[5] забележаа пад од 3,4% во однос на претходниот квартал, во услови на пад на готовите пари во оптек и вкупната ликвидност на банките од 7,1% и 0,8%, соодветно. На годишна основа примарните пари се повисоки за 7,6% (наспроти растот од 6,6% во претходниот квартал). **Монетарниот агрегат М1** забележа пад од 5,8% во однос на К-4-2010, додека на годишна основа истиот е повисок за 7,5%. Пошироките монетарни агрегати **М2 и М4**, во К-1-2011 забележаа зголемување во однос на претходниот квартал од 0,1% и 0,9%, соодветно, додека на годишна основа истите забележаа раст од 7,7% и 11,4%, соодветно.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[6] на приватниот сектор на годишна основа се зголеми за 12,4% (наспроти 13,7% минатиот квартал). Исто така, кај кварталната динамика се забележа забавување на растот на депозитите на 1,4% во однос на претходниот квартал, кога растот беше 4,7% .

Од секторски аспект, кварталниот раст на депозитите се должи во најголема мера на растот на депозитите на домаќинствата кои забележаа раст од 2% во однос на К-4-2010 (придонес од 96,6%). Истовремено, депозитите на приватните претпријатија, забележаа квартален раст од 0,6%. На годишна основа, депозитите на домаќинствата се повисоки за 14%, додека депозитите на приватните претпријатија остварија висока стапка на раст од 11,3%.

Од аспект на валутата, депозитите во странска валута забележаа раст од 1,9% и остварија доминантен придонес во кварталниот раст на депозитите (придонес од 67,8%). Како резултат на тоа, степенот на евроизација, мерен преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал, е зголемен на 51,3% (51% во К-4-2010) или мерено преку учеството на депозитите на домаќинствата во странска валута во нивните вкупни депозити, степенот на евроизација е зголемен на 59,3% во К-1-2011 од 59,1% во К-4-2010.

Според рочноста, краткорочните депозити, кои во К-1-2011 зафаќаат 67,3% од вкупните депозити, забележаа раст од 2,4% во однос на претходниот квартал, додека депозитните пари се намалија за 6,4%. Долгорочните депозити се повисоки за 6,3%. На годишна основа депозитните пари забележаа раст од 11,2%, а краткорочните и долгорочните депозити се зголемија за 7,6% и 39,1%, соодветно.

---

[5] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[6] Депозитите вклучуваат и пресметана камата

**Кредитите кон недржавниот сектор,** во К-1-2011 година регистрираа раст од 2,3% во однос на претходниот квартал. Анализирано на годишна основа, кредитите го забрзаа растот на 8% на крајот на првиот квартал (7,1% во К-4-2010).

Од секторски аспект, доминантен придонес во кварталниот раст на кредитите имаа кредитите кон приватните претпријатија (придонес од 75,3%), кои се зголемија за 2,9% споредено со претходниот квартал. Кредитите кон домаќинствата забележаа квартален раст од 1,5%. На годишна основа кредитите кон приватните претпријатија го забрзаа растот на 9,1%, а исто така и кредитите кон домаќинствата кои забележаа раст од 6,6%.

График 4.1. Кредити и кредитен раст и М4; Извор: НБРМ




Од валутен аспект, денарските кредити забележаа раст од 1,8% во однос на К-4-2010, додека на годишна основа денарските кредити остварија раст од 3,2%. Кредитите во странска валута во К-1-2011 се повисоки за 3,9% во однос на претходниот квартал, додека на годишна основа истите забележаа висок раст од 24,6%.

Според рочноста, краткорочните кредити забележаа раст од 0,6% во однос на крајот на К-4-2010, додека долгорочните кредити се зголемија за 2,9%. На годишна основа, краткорочните кредити се пониски за 1,7%, додека долгорочните се повисоки за 13,8%.

Во првиот квартал од 2010 година, НБРМ ја задржа основната **каматна стапка**, непроменета на ниво од 4%. Европската централна банка од мај 2009 година наваму не изврши промена на референтната каматна стапка и истата на крајот од К-1-2011 се задржа на ниво од 1%.

График 4.2. Каматни стапки на депозитни банки; Извор: НБРМ




Во првиот квартал од 2011 година може да се забележи намалување на каматни стапки на банките. Така, каматната стапка на ново одобрените денарски кредити изнесува 8,1% и бележи квартален пад од 0,5

п.п. додека каматната стапка на вкупните денарски кредити бележи пад од 0,1% и изнесува 8,9%. Каматната стапка на ново – одобрените девизни кредити изнесува 6,8%, што претставува пад од 0,5 п.п. на квартално ниво, додека каматната стапка на вкупните девизни кредити остана непроменета на ниво од 7,4%.

Просечната каматна стапка на ново примените денарските депозити во К-1-2011 изнесува 3,1% и истата се намали за 1,1 п.п. во однос на претходниот квартал, додека каматната стапка на вкупните денарски депозити изнесува 6% и е пониска за 0,7% во однос на претходниот квартал. Каматната стапка на ново примените девизни депозити изнесува 1% и е пониска за 0,3 п.п. во однос на минатиот квартал, додека за вкупните девизни депозити таа е намалена за 0,2 п.п. и изнесува 2,8%.

На пазарот на капитал во првиот квартал од годината се забележа пораст на вкупниот промет, во голема мера како резултат на блок трансакциите. Прометот од класичното тргување забележа пораст од 37% во однос на истиот период минатата година додека на квартална основа класичното тргување бележи пад од 16,7%. Македонскиот берзански индекс МБИ-10, како агрегатен показател на берзанските движења, се зголеми за 12,8% во однос на декември 2010 година, додека во однос на март на 2010 година регистриран е пад од 5,1%.




# 5. Надворешен сектор и платен биланс

Во К-1-2011 трговската размена со странство бележи висок раст од 47,4% во однос на истиот квартал од 2010 година, што претставува највисока стапка на раст од 2003 година наваму, а се објаснува со ниската споредбена основа од истиот квартал претходната година и истовременото зголемување на извозот и увозот на стоки.

Извозот на стоки во К-1-2011 (682,3 милиони евра), порасна за 44,4% во однос на истиот квартал од 2010 година, стапка на раст што е највисока во последните четири години (највисока стапка од 48,4% е забележена во К-1-2007). Анализирано по сектори на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), позитивни движења во извозот се забележуваат кај:

-хемиските производи, односно хемиски материи и метални производи за 97 милиони евра, со придонес во раст од 20 п.п. (ваквото движење се објаснува со

високиот раст на извозот на „катализатори на носачи со благородни метали или нивни соединанија од страна на”Johnson Matthy” );
-производи класирани по материјалот за 39% (железо и челик за 51 милион евра или со придонес во раст 10,7 п.п.) и друго.

График 5.1. Надворешно-трговска размена и трговска отвореност; Извор: ДЗС и пресметки на МФ




**Увозот на стоки** (1.181,5 милиони евра) во К-1-2011 забележа пораст од 49,2% (398,7 милиони евра) во однос на К-1-2010, што претставува највисок апсолутен раст споредено со сите квартали од претходните 8 години. Анализирано по сектори на СМТК, најголемо зголемување на увозот во К-1-2011, покрај категоријата обоени метали за 100 милиони евра, со придонес во раст од 12,3 п.п., и понатаму забележуваат категориите минерални горива и мазива (нафта и производи од нафта за 54 милиони евра, електрична енергија за 25 милиони евра), потоа сирови хемикалии за 70 милиони евра, (како резултат на зголемениот увоз од страна на компаниите од Слободната економска зона „Бунарџик“-”Johnson Matthey”), со придонес во раст од 6 п.п. и бои и материи за штавење за 23 милиони евра, со придонес во раст од 2,3 п.п. и друго. Порастот на увозот на овие категории добра кои се интермедијарни инпути во процесот на производство, упатува на зајакнување на производната активност во следните квартали. Сепак, на последните бројки треба да се пријде со претпазливост бидејќи од истите не е елиминирано влијанието на ниската споредбена основа од првиот квартал минатата година.

**Трговската отвореност на РМ** во К-1-2011 изнесува 109,5% и забележува зголемување во однос на претходните квартали од 2009 и 2010 година, односно е речиси изедначен со нивото на кварталите од 2008 година. Повисоката трговска отвореност во К-1-2011 споредена со претходниот квартал е резултат на значителниот раст на извозот и висок апсолутен раст на увозот, како и пониското ниво на БДП во овој квартал.

Во К-1-2011 при значително подобрена трговска размена со Европската унија (ЕУ 27) во однос на К-1-2010 за 50%, учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешно-трговска размена бележи позитивно поместување за 2,6 п.п. и изнесува 58,3%, при што извозот на стоки учествува со 63,2%, а увозот на стоки со 55,8%. Како резултат на структурните промени во размената со странство, во првиот квартал од 2011 година, 32% од трговскиот дефицит на земјата е последица на дефицитот во размената со Велика Британија, а потоа следуваат Русија, Грција, Кина, Србија, Турција и други. Суфицит во размената е остварен со Германија, Косово, Албанија и други.

Во К-1-2011 **дефицитот на тековната** сметка на билансот на плаќања изнесува 204,4 милиони евра, или 12,3% од БДП. Во однос на истиот квартал од 2010 година дефицитот е повисок за 122,6 милиони евра (или за 7 п.п. од БДП). При подобрено позитивно салдо на билансот на услугите и понизок дефицит кај подбилансот на доход, главен фактор за годишното проширувањето на дефицитот во К-1-2011 е зголеменото негативно салдо во размената на стоки.

График 5.2. Анализа на тековна сметка; Извор: НБРМ




Во К-1-2011 **трговското салдо** (-27,8% од БДП), бележи неповолно поместување во однос на претходните квартали од 2010 и 2009 година и враќање на нивото од К-4-2008 (-27,8% од БДП). Годишниот раст на увозот во К-1-2011 го надмина растот на извозот кој забележа побрзи годишни стапки на закрепнување во кварталите од 2010 година. Ваквото движење на извозот и увозот придонесе нивото на трговскиот дефицит во однос на БДП да се зголеми за 7,9 п.п во споредба со К-1-2010.

Во истиот квартал, **нето-тековните трансфери** забележуваат благ раст (2,1%) во однос на К-1-2010, што во поголем дел произлегува од повисоките официјални трансфери. Приватните трансфери, иако забележуваат минимален пад од 3,9%, сепак продолжуваат да имаат доминантно учество (92%) во тековните трансфери.

Извештајот го подготви

**Министерство за финансии**
**Сектор за макроекономска политика**

М-р Анита Поповска
Анета Ацевска
Копринка Сапунова
Нецати Куртиши
Сами Асани

Контролирал:

**Снежана Делевска**

Одобрил:

**Јордан Трајковски**

Jordan.Trajkovski@finance.gov.mk

Скопје, јули 2011 година